**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ И ТАРИФА

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ ВО ДОМАШЕН И МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ

## - ЦМР ЕКСТРА -

Март 2018 година

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ - ДОМАШЕН И МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ
# ЦМР – ЕКСТРА

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

Со овие Посебни услови се осигурува одговорноста на превозникот утврдена во Условите за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт – ЦМР, со проширено покритие на дополнителен осигурителен ризик – одговорност при сообраќајна незгода согласно ЦМР конвенцијата и одговорност при провала и грабеж.

Сите одредби од Условите за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт – ЦМР се валидни, освен оние кои поинаку се пропишани и утврдени во овие Посебни услови.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

**Член 2**

1. Осигурувањето по овие Услови дава осигурителна заштита и од следните ризици:
   - Сообраќајна незгода или нејзино избегнување,
   - Превртување и/или изместување на товар (палета, сноп и сл.) како последица на сообраќајна незгода,
   - Истекување на хемикалии, течности, масла со агрегатен лимит до 750 Евра,
   - Осигурување од одговорност на превозник за провала и грабеж на товарот или превозното средство со товар.

   За настанати штети по сите горе наведени основи потребно е да се достави полициски записник за увид на лице место.

2. Со осигурување од одговорност на превозник од провала и грабеж на товарот или превозното средство со товар е покриена одговорност под услов превозното средство за време на штетниот настан да било паркирано на уредно и осветлено паркиралиште, под надзор на возачот или негов придружник за кратки застанувања до 15 минути за точење гориво и сл, како и превозното средство за време на штетниот настан при подолги паузи и ноќен одмор да било паркирано во заклучена гаража или на оградено паркиралиште со 24-часовна физичка заштита и видео надзор.

Со осигурување не е покриена одговорноста на превозникот за штети доколку не биле исполнети наведениот услов/и од претходниот став или ако Осигуреникот не постапувал според добиените упатства, без разлика дали за тој пропуст е виновен Осигуреникот или возачот.

Со осигурување е покриена одговорност на превозникот при превоз на акцизни производи под услов Осигуреникот да ги исполнува следниве услови:

- превозното средство мора да биде опремено со противпровален алармен систем и GPS уред;
- возилото не смее да се остави без надзор. Можни се само кратки застанувања (до 15 минути) поради обезбедување на возилото со гориво, а застанување на подолг период е можно само на физички заштитени, оградени и надгледувани паркинг места.

Враќање на премија по основ на прекин на полиса про-рата по овој продукт не е дозволено.

## ИСКЛУЧОЦИ

**Член 3**

Осигурувачот не е во обврска да надомести штета и ако Осигуреникот спрема законските прописи за тоа е одговорен, а таа настанала како последица на една од следните причини:

1. **Лоша намера или груба небрежност**

Осигурувачот не ја надоместува штетата, која настанала поради лоша намера или груба небрежност на Осигуреникот и лицата за кои тој одговара. Под груба небрежност се подразбира и поместување на товарот поради неприлагодени кочења во случај кога се нема случено сообраќајна незгода или оштетување на церадата на возилото поради невнимание при паркирање, разминување и сл. Потребно е товарот да биде рамномерно распореден и обезбеден од нагли поаѓања и кочења.

2. **Располагање на стоката**

Ако испраќачот или примателот одбие да ја преземе стоката, а Осигуреникот без согласност на Осигурувачот прифати сам да располага со истата, Осигурувачот не го надоместува делот на штетата кој ќе настане од таа причина.

3. **Спогодбено договорен рок за испорака**

Со овие Услови не е покриена одговорноста на Осигуреникот, ако договорениот рок за превоз е пократок од вообичаениот за таква пратка на таа релација, а штетата настанала како последица од неисполнување на договорениот рок.

4. **Неисполнување на спогодбата за превоз**

Осигурувачот не е во обврска да ја надомести штетата што би настанала ако Осигуреникот направил спогодба за превоз, па тој превоз не го извршил или заради тоа што се јавил кај порачателот на превозот со задоцнување, а со тоа ја прекршил спогодбата за превоз.

5. **Пречекорување на пропишаниот облик и тежина (габарит)**

Осигурувачот не е во обврска да надомести штета, ако Осигуреникот пропуштил да ги преземе потребните организациони мерки за превоз на максимално дозволените профили и тежини во јавниот сообраќај, а штетата ќе настане поради непочитување на посебните сообраќајни прописи за дозволениот габарит за сигурен превоз (сообраќаен знак за известување на дозволената висина, ширина и носивост на друмско сообраќајно средство).

6. **Плаќање на застарено побарување**

Осигурувачот не ја надоместува штетата, што ја исплатил Осигуреникот без негова согласност, и ако рокот на плаќање законски е застарен.

7. **Фиктивни кусоци**

Со овие Посебни услови не е осигурена одговорноста на разни непојаснети кусоци, кои не се последица на физичка загуба или кражба на пратката. Според овие Посебни услови документите за мерење и вагање не се доказ на физичка загуба или кражба на пратката.

8. **Превоз на благородни метали**

Превоз на благородни метали, хартија од вредност, валути и други скапоцености, освен ако посебно не се пријават и се превезуваат со вооружена придружба и специјални возила.

9. **Превоз на поштенски пратки**

Осигурувачот не ја надоместува штетата на поштенски пратки, ако ги превезува Осигуреникот со своите превозни средства.

10. **Сопствен имот и предмети**

Осигурувачот не надоместува штети на личен имот на Осигуреникот и неговите вработени.

11. **Сите непридржувања** на осигуреникот согласно напатствијата напишани во условите.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

### Член 4

1. При натовар и растовар на стоките возачот задолжително да е присутен и да врши правилен квантитативен и квалитативен прием и предавање на стоките, проверка на амбалажата, редењето и

прицврстување и растовар на стоките и да го обезбеди товарот од нагли кочења и други непредвидени настани.

2. Ако има недостатоци при натовар на амбалажата да бара од испраќачот веднаш да ги отстрани или во спротивно да стави забелешка на товарниот лист за недостатокот при натовар или растовар што го вршат други лица.

3. Осигуреникот е должен секоја видлива штета, за која постои одговорност на превозникот, да ја утврди со записник при предавање на пратката во присуство на примателот на пратката и возачот пред предавање на пратката.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ ПРИ НАСТАНУВАЊЕ НА ШТЕТА

### Член 5

1. Осигуреникот е должен веднаш или најдоцна во рок од три дена од кога ќе сознае, на Осигурувачот да му ја пријави секоја штета која по негова оцена го минува износот од 1.000 ЕУР и да ги има предвид дадените упатства на Осигурувачот за ангажирање на хавариски комесар за извид и процена на штетата.
2. Во случај на сообраќајна незгода, преврртување на превозното средство или излетување од патот како и истекување на хемикалии, Осигуреникот е должен таквиот настан веднаш да го пријави во полиција во најблиското место или на друг надлежен орган и за таквите пријави да му приложи доказ на Осигурувачот и подоцна да го достави документот за увид.
3. Осигуреникот е должен да ги преземе сите потребни мерки за спречување и намалување на штетата.
4. Доколку Осигуреникот ги повредил обврските од овој член, Осигурувачот не е во обврска да му ги надомести штетите што ќе настанат поради тоа.

## КОНСТАТИРАЊЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ НА ШТЕТИ

### Член 6

1. Осигуреникот или неговиот полномошник е должен пред предавање на пратката, секоја видлива штета, која е покриена со осигурување, да ја утврди записнички на вообичаен начин, со учество на примателот, односно корисникот на превозот.
2. Осигуреникот е должен секоја штета, чиј износ е над 1.000 ЕУР во денарска противвредност, без одлагање, да му ја пријави на Осигурувачот и да постапи по неговите упатства.

## ДОСТАВУВАЊЕ НА ОШТЕТНО БАРАЊЕ

### Член 7

1. Ако оштетената странка поднесе оштетно барање, Осигуреникот е должен веднаш да му го достави на Осигурувачот заедно со сите документи и податоци потребни за ликвидација на штета како што се:

- пријава на штета,
- доказ за техничка исправност на термокингот и термографот (отчитување и ладење),
- оштетно барање на оштетеното лице,
- документи за превоз (товарен лист, договор),
- фактура или друг доказ за вредноста на пратката,
- писмена изјава на возачот и неговиот помошник за причината и околностите за настанување на штетата,
- докази врз основа на кои би можело да се утврди постоење или непостоење на одговорност на Осигуреникот за настанатата штета,
- записник од полиција, за сите ризици наведени во член 2 од овие посебни услови,
- докази и изјави кои Осигурувачот ќе ги побара за појаснување на оштетното барање.

2. Ако од околностите за настанатата штета, или од поднесената документација не може со сигурност да се утврди одговорноста на Осигуреникот за настанатата штета или за нејзината висина, Осигурувачот е должен на Осигуреникот да му даде упатство за правните и други мерки, кои треба да ги преземе со цел да се заштити од недокажани, неосновани или преголеми оштетни барања. Осигуреникот е должен, како совесен стопанственик, да ги преземе сите потребни мерки со цел да се заштити од неосновани барања. За преземените мерки Осигуреникот е должен без одложување да го извести Осигурувачот.

## ВАЖНОСТ НА УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ

### Член 8

Овие Посебни услови се само дополнување на Условите за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај (ЦМР), само во однос на дополнителните ризици наведени во член 2.

## ПРЕМИНУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОСИГУРЕНИКОТ СПРЕМА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВРЗ ОСИГУРУВАЧОТ (СУБРОГАЦИЈА)

### Член 9

1. Со исплатата на надоместот од осигурувањето сите права од Осигуреникот спрема лицето кое по која и да е основа е одговорно за штетата, преминуваат врз Осигурувачот според самиот закон, а до висина на исплатениот надомест.
2. Ако по вина на Осигуреникот е оневозможено ова преминување на правата врз Осигурувачот, во целост или делумно, Осигурувачот се ослободува во соодветна мера од својата обврска спрема Осигуреникот.
3. Преминувањето на правата од Осигуреникот врз Осигурувачот не може да биде на штета на Осигуреникот, па ако надоместот што Осигуреникот го добил од Осигурувачот од каква и да е причина е понизок од штетата што ја претрпел, Осигуреникот има право од средствата на одговорното лице да му се исплати остатокот на надоместот пред да се исплати побарувањето на Осигурувачот врз основа на правата што преминале врз него.
4. По исклучок од правилото за преминување на правата на Осигуреникот врз Осигурувачот, овие права не преминуваат врз Осигурувачот ако штетата ја причинило лице во сродство во права линија со Осигуреникот или лице за чиишто постапки Осигуреникот одговара, или кое живее со него во исто домаќинство или лице кое е работник на Осигуреникот, освен ако тие лица штетата ја причиниле намерно.
5. Ако некое од лицата споменати во став (4) на овој член било осигурено од одговорност, Осигурувачот може да го бара од неговиот Осигурувач надоместот на износот што му го исплатил на Осигуреникот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Обврска за чување на доверливи податоци

### Член 10

Сите податоци за Договорувачот и Осигуреникот, за содржината на договорот за осигурување, како и за трети лица, со кои ќе се стекне Осигурувачот во врска со договорот за осигурување, Осигурувачот има обврска да ги чува како доверливи податоци, согласно со Законот за супервизија на осигурување и Законот за заштита на личните податоци.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

### Член 11

### Постапка по приговори

Во случај Осигуреникот и Осигурувачот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, Осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од Осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

### Постапка по жалба

Договорувачот, односно Осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

### Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.